РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ НЕБАНКАРСКИ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И БАНКАРСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 21.06.2018 година, донесе одлука со број 02-1289/25, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник од научната област финансии (50326) по предметите Небанкарски финансиски институции и Банкарски менаџмент. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Горан Петревски и проф. д-р Владимир Филиповски по разгледувањето на пристигнатите пријави, согласно со распишаниот конкурс, го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс од 07.06.2018 година објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха, за избор на еден извршител, наставник во сите наставно-научни звања, во научната област финансии (50326), по предметите Небанкарски финансиски институции и Банкарски менаџмент, се јави само еден кандидат, д-р Елена Наумовска, вработена на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како доцент по предметот Небанкарски финансиски институции.

1. БИОГРАФИЈА

Кандидатката д-р Елена Наумовска е родена во Скопје, на 04.10.1977 година. Средно образование завршила во Гимназијата "Никола Карев" во 1996 година. Во академската година 1996/1997 се запишала на додипломските студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје на департманот за финансиско – сметководствен менаџмент. Дипломирала во 2000 година со просечна оцена 9,88. Во последната година од студиите била ангажирана како демонстратор по предметот Основи на сметководството на Економскиот факултет во Скопје, каде што иницијално ги покажува своите афинитети кон наставно-научната професија.

Веднаш по дипломирањето се запишала на постдипломските студии по монетарна економија на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет - Скопје. Магистрирала во декември 2007 година со јавната одбрана на магистерскиот труд на тема *Управување со кредитното барање* под менторство на проф. д-р Михаил Петковски. Во 2011 година пријавила докторска теза под наслов *Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст со посебен осврт на Република Македонија,* на Економскиот факултет – Скопје, под менторство на проф. д-р Михаил Петковски. Со јавната одбрана на докторската дисертација во јуни 2013 година се стекнала со научното звање Доктор на економски науки (PhD).

Во поглед на нејзиното работно искуство, веднаш по дипломирањето, по препорака од страна на Економскиот Факултет во Скопје како еден од најдобрите студенти на генерацијата, преку Германско Македонскиот Фонд и Тутунска Банка е вклучена во развојот на маркетинг стратегијата за имплементитирање на проектот за кредитирање на малите бизниси на македонскиот пазар, во рамките на кој работи и како практикант во МЕБ Банката во Босна и Херцеговина. Во периодот од 2001 до 2009 година е вработена во НЛБ Тутунска Банка при што во периодот од 2005 до 2009 година е ангажирана и како агент во Нов Пензиски Фонд. Во НЛБ Тутунска Банка работи во Секторот за работа со стратешки клиенти, најнапред како специјалист за долгорочно кредитирање, кредитни линии и конзорциум, понатаму од 2007 година како Управувач на пазарен сегмент, а од 2008 година како Помошник Раководител на службата за проектно финансирање, Раководител со повремени овластувања на службата за кредитни линии и Координатор за едукација од НЛБ Тутунска Банка во доменот на хармонизацијата со членките на НЛБ Групацијата. Од декември 2009 година е вработена на Економскиот Факултет во Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, најнапред како асистент од група на предмети од областа на финансиите, а од декември 2013 година како доцент од областа на економските науки. Од јуни 2013 година до јуни 2017 година е Помошник на главниот и одговорен уредник на меѓународното списание на Економски Факултет – Скопје “Journal of Contemporary Economic and Business Issues”. Од јануари 2017 година е ангажирана како секретар на Советот на втор циклус на студии на Економски факултет – Скопје. Во текот на своето работење има учествувано на повеќе обуки, семинари од областа и научни конференции. Автор е на повеќе трудови, објавени претежно во меѓународни списанија. Ангажирана е во повеќе комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски студии. Исто така, ментор е за изготвување на дипломски и магистерски трудови. Има учествувано во повеќе факултетски комисии формирани со различна намена.

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Елена Наумовска е ангажирана како координатор на предметот Небанкарски финансиски институции на додипломски студии и координатор на предметот Банки и банкарски системи на постдипломските студии по Монетарна економија, финансии и банкарство. Член е на работните тимови на предмети од областа на финансиите на департманот Финансиски менаџмент на прв циклус на студии. Покрај одржувањето на предавањата и

вежбите, таа е ангажирана и околу организирање на испитите и колоквиумите, менторство и оценување на проектните задачи и стручните трудови, како и секојдневни консултации со студентите.

Во изборниот период, кандидатката бил ментор на 20 магистерски труда и 63 дипломски работи, а учествувала и како член во комисија за оцена и одбрана на 10 докторски дисертации, 78 магистерски труда и на 230 дипломски работи.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатката од областа на наставно-образовната дејност.

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во изборниот период д-р Елена Наумовска има објавено вкупно 14 научни трудови, од кои 2 труда со оригинални научни резултати објавени во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 6 труда со оригинални научни резултати објавени во научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 3 труда со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор, 3 труда со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови на високообразовна институција, 1 монографија и 4 апстракти објавен во зборник на конференција. Во изборниот период, доц. д-р Елена Наумовска има одржано и 6 секциски предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатката од областа на научноистражувачката дејност.

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во изборниот период д-р Елена Наумовска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Економскиот факултет во Скопје.

Од јуни 2013 година до јуни 2017 година е Помошник на главниот и одговорен уредник на меѓународното научно списание под наслов "Journal of Contemporary Economics and Business Issues" чиј издавач е Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје.

Од јануари 2017 година е ангажирана како секретар на Советот на втор циклус на студии на Економски факултет – Скопје, при што освен основните задачи, има изготвено и прирачници за потребите на студентите од втор циклус на студии: Упатство за изработка на тези за магистерски труд и Упатство за изработка на магистерски труд.

Во текот на изборниот период таа е член на организациски одбори на конференции:
- член на организацискиот одбор на конференцијата "The changing role of finance in today's global economy", Faculty of Economics Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, по повод 55 години постоење на постдипломскиот студиум Монетрана економија, финансии и банкарство и

- член на организацискиот одбор на на конференцијата “Transforming the business for future: Building a modern HR organization”, Faculty of Economics Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, по повод 5 години постоење на постдипломскиот студиум Стратегиски менаџмент на човечки ресурси.

Активно е вклучена во работата на бројни комисии и активности на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, и тоа: учество во промотивни активности на факултетот, член на Комисија за внесување на податоци за студенти на прв циклус студии, член на Комисија за упис на студенти на прв циклус на студии, заменик член на комисија за дисциплинска одговорност на студентите, член на Комисија за спроведување анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставно-образовниот процес на Факултетот, член на Комисија за утврдување на можноста и условите за стекнување на определена меѓународна акредитација на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски факултет – Скопје, како и член на Комисии за валоризација на кредити за докторски семинари.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатката од областа на стручно - апликативната дејност.

МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените конкурсни материјали, Рецензентската комисија позитивно ја оценува наставнообразовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Елена Наумовска и констатира дека кандидатот ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето вонреден професор во научната област финансии, по предметите небанкарски финансиски институции и банкарски менаџмент.

Ангажманот на доц. д-р Елена Наумовска во наставно-образовниот процес се одликува со исклучителна посветеност, компетентност и иницијативност. Низ својата работа, кандидатката покажува исклучителна способност своите знаења да ги пренесе на соодветен начин. Треба да се истакне високото теоретско и практично ниво на познавање на наставната проблематика и нејзиниот коректен однос кон студентите, за што потврдуваат и највисоките оценки од самоевалуацијата преку анонимни анкети спроведени за студентите на Економскиот факултет во Скопје.

Врз основа на објавените научно истражувачки трудови, може да се констатира дека поседува исклучитечен афинитет за научно-истражувачка активност, кој ја афирмира во научен работник и истражувач во областа на финансиите со потенцијали за позитивен придонес во научно истражувачката дејност на факултетот и пошироко.

Исто така, со целосна посветеност и високи квалитет има одговорено на активностите во однос на сите факултетски комисии и останати активности кои и биле доверени.

Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни **204,86 бода** на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (прилог: табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа сѐ што погоре беше истакнато, Комисијата со полна увереност и задоволство му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет - Скопје, кандидатката **д-р Елена Наумовска да биде избрана во звањето вонреден професор од областа финансии, по предметите небанкарски финансиски институции и банкарски менаџмент.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Михаил Петковски, претседател

2. Проф. д-р Горан Петревски, член

3. Проф. д-р Владимир Филиповски, член

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Елена Ѓорѓи Наумовска**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Економски факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **Финансии (50326) по предметите Небанкарски финансиски институции и Банкарски менаџмент**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	Одржување на настава • Од прв цикулс студии Небанкарски финансиски институции 2014/2015 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) Небанкарски финансиски институции 2015/2016 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) Небанкарски финансиски институции 2016/2017 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) Небанкарски финансиски институции 2017/2018 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) Јавни финансии 2014/2015 проект 45 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) Финансиски пазари и институции Велес 2014/15 (6 x 15 x 0,04 =3,6) • Од втор цилус студии Банки и банкарски системи МЕФБ 2014/2015 (1/5 x 6 x 15 x 0,05 = 0,9) Банки и банкарски системи МЕФБ 2015/2016 (1/5 x 6 x 15 x 0,05 = 0,9) Банки и банкарски системи МЕФБ 2016/2017 (1/5 x 6 x 15 x 0,05 = 0,9) Банки и банкарски системи МЕФБ 2017/2018 (1/5 x 6 x 15 x 0,05 = 0,9)	19,2
2.	Одржување на вежби Небанкарски финансиски институции 2014/2015 (2 x 15 x 0,03 = 0,9) Небанкарски финансиски институции 2015/2016 (2 x 15 x 0,03 = 0,9) Небанкарски финансиски институции 2016/2017 (2 x 15 x 0,03 = 0,9) Небанкарски финансиски институции 2017/2018 (2 x 15 x 0,03 = 0,9)	3,6
3.	Консултации со студенти Небанкарски финансиски институции 2014/2015 (220 x 0,002 =0,44) Небанкарски финансиски институции 2015/2016 (220 x 0,002 =0,44) Небанкарски финансиски институции 2016/2017 (220 x 0,002 =0,44) Небанкарски финансиски институции 2017/2018 (220 x 0,002 =0,44) Јавни финансии (400 x 0,002 = 0,8 x 3 = 2,4) Јавни финансии 2014/2015 проект 45 (30 x 0,002 = 0,06) Финансиски пазари и институции Велес 2014/15 (30 x 0,002 = 0,06) Банки и банкарски системи МЕФБ 2014/2015 (30 x 0,002 = 0,06) Банки и банкарски системи МЕФБ 2015/2016 (30 x 0,002 = 0,06) Банки и банкарски системи МЕФБ 2016/2017 (30 x 0,002 = 0,06) Банки и банкарски системи МЕФБ 2017/2018 (30 x 0,002 = 0,06)	4,46
4.	Ментор на дипломска работа (63 x 0,2 = 12,6)	11,2
5.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (230 x 0,1)	23
6.	Ментор на магистерска работа (20 x 1 = 20)	20
7.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (78 x 0,3 = 23,4)	23,4
8.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација (10 x 0,5=5)	5

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
9.	Подготовка на нов предмет ▪ Небанкарски финансиски институции 1,5	1,5
10.	Интерна скрипта од предавања (3 x 4 = 12)	12
	Вкупно	**123,36**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	Монографија: "Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст со посебен осврт на Република Македонија", докторска дисертација, Економски факултет – Скопје, 2013 година	8
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** 1. Naumovska, E., Jovanovski, K., & Gockov, G. (2015), "The Influence of The Banking Sector Functions on Economic Activity in Macedonia", Scientific Annals of the Alexandry Ioan Cuza University of Iasi, Economic Sciences, indexed and abstracted in Elsevier – SCOPUS Vol.62, No.2, pp-207-220. (6 x 0,8 = 4.8) 2. Kjosevski, J., Petkovski, M., & Naumovska, E. (2016). The Stability of Long-Run Money Demand in Western Balkan Countries: An Empirical Panel Investigation. *South East European Journal of Economics and Business* (The Journal of University of Sarajevo, indexed and abstracted in Elsevier – SCOPUS), *11*(2), 61-70. (6 x 0,8 = 4.8)	9,6
3.	**Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** • Naumovska, E., Petkovski, M. & Stanceva, G.I. (2015), "Estimation of The "Normal" Credit Growth in Republic of Macedonia with Regards to the Economic Fundamentals", *CEA Journal of Economics,* Vol. 19, No. 19, PP. 47-57. (3 x 0,8 = 2,4) • Naumovska, E., Cvetkoska, V. (2015), "Efficiency of the Macedonian banking sector", *Yugoslav Journal of Operations Research, Vol. 25, No. 2.* (3 x 0,9 = 2,7) • Jovanovski, K., Naumovska, E. & Gockov, G. (2015), "Financial Liberalization and the Financial Euroization" *Economic Development*, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Vol. 17, No.1-2/2015, pp. 289-305. (3 x 0,8 = 2,4) • Stanceva, G.I. & Naumovska, E., (2015), "Indicators for Competitiveness in the Republic of Macedonia - Analysis and Challenges", *Economic development*, Journal of the Institute of Economics – Skopje, Vol. 17, No.1-2/2015, pp. 209-225.	14,7

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	(3 x 0,9 = 2,7) • Gockov, Gj., Naumovska, E., Jovanovski, K. & Eftimov, Lj. (2015), "Private Versus Public Sector Saving - Investment Gap in the Macedonian Economy – a Comparative Study", *Economy & Business*, Volume 9, p. 31-40. (3 x 0,7 = 2,1) • Ivanov, M., Petkovski, M. & Naumovska, E. "Money- in- the-Utility Function: Model Simulations and Money Demand Estimation in the Case of the Republic of Macedonia", *South East European Journal of Economics and Business*, Volume 9 (2), 2014, p. 7-20 (3 x 0,8 = 2,4)	
4.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** • Naumovska, E.„Contribution of the credit activity to the financial de/stabilization process – the case of Central and Eastern European Countries", Зборник на Деветтата меѓународна конференција на АСЕКУ на тема „Системска економска криза: тековни прашања и перспективи", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје, мај 2013 година (3 x 1 = 3) • Petkovski, M & Naumovska, E. "The Financial Development and the Caching Up Process in the Central and Eastern European Countries, Зборник на меѓународна конференција на ECPD на тема "Knew knowledge for new development", МАНУ , октомври 2013, Скопје (3 x 0,9 = 2,7) • Petkovski, M., Naumovska, E., Jovanovski, K. & Trenovski, B. (2017), „Determinants of Bank Credit Growth in Macedonia", *The Changing Role of Finance in Today's Global Economy*, Faculty of Economics Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. (3 x 0,7 = 2,1)	7,8
5.	**Труд објавен во зборник на в.о. институција** • Петковски, М. и Наумовска, Е. (2013), "Финансиската активност и економската развиеност на транзиционите економии", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 48, 2013 (2Х0,9 = 1,8) • Наумовска, Е. и Цветкоска, В. (2014), "Мерење на ефикасноста на банкарскиот сектор во Република Македонија", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 49, 2014 (2Х0,9 = 1,8) • Петковски. М., Наумовска, Е. (2015), "Влијанието на институционалните инвеститори во поттикнувањето на економската активност кај земјите членки на Европската Унија", Годишник на Економскиот Факултет во Скопје, том 50, с.385-404.	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	(2Xo,9 = 1,8)	5,4
6.	**Апстракт објавен во зборник од меѓународна конференција** - Cvetkoska, V. & Naumovska, E. (2014), "Measuring the Efficiency of Macedonian Banks: A Non-Parametric Approach" 15th International Conference on Operational Research (KOI 2014), Osijek, Croatia, 24-26 September, 2014; (1 x 1 = 1) - Cvetkoska, V. & Naumovska, E. (2016), "Efficiency analysis of the Baltic banks", 8th International Conference "The Ecomies of Balkan and Eastern Europe Countries in the Changed World", Split, Croatia, May 5-8, 2016; (1 x 1 = 1) • Kikerkova, I., Naumovska, E., Tosevska – Trpcevska, K. and Makrevska – Disoska, E. (2017), "Vector Error Correction Model on FDI and their impact in the Republic of Macedonia", the 2nd Business and Enterpreneurial Economics – BEE Conference, May 25-26, Craotia; (1 x 1 = 1) • Jovanovski, K. and Naumovska, E. (2017), "Financial Literacy - Challenge For Risk Management", Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies "Ss Cyril And Methodius" University in Skopje, November 17, Faculty of Economics – Skopje (1 x 1 = 1)	4
7.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** • XIX International ASEQU Conference „Sistematic economic crisis: current issues and perspectives""Ss Cyril And Methodius" University in Skopje, May 2013, Faculty of Economics – Skopje (2 x 1 = 2) • ECPD International Conference "Knew knowledge for new development", MANU , october 2013, Skopje (2 x 1 = 2) • 8TH International conference "The Ecomies of Balkan and Eastern Europe Countries in the Changed World", Split, Croatia, May 5-8, 2016 (2 x 1 = 2) • International Conference on The changing role of finance in today's global economy, Faculty of Economics Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, September 16, 2016. (2 x 1 = 2) • 2nd Business and Enterpreneurial Economics – BEE Conference, May 25-26, Craotia (2 x 1 = 2) - 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Skopje, 17-18 November 2017) (2 x 1 = 2)	12
	Вкупно	**61,5**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	**Изработка на прирачници** Упатство за изарботка на тези за магистерски труд Упатство за изработка на магистерски труд	2
2.	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно / стручно списание** • Помошник на главниот и одговорен уредник на меѓународното научно списание под наслов "Journal of Contemporary Economics and Business Issues" чиј издавач е Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје. (1 x 4 = 4)	4
3.	**Член на Организациски одбор за Конференција (2 x 0,5)** Член на организациски одбор на на конференцијата "The changing role of finance in today's global economy", Faculty of Economics Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, по повод 55 години постоење на постдипломскиот студиум Монетрана економија, финансии и банкарство Член на организациски одбор на на конференцијата "Transforming the business for future: Building a modern HR organization", Faculty of Economics Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, по повод 5 години постоење на постдипломскиот студиум Стратегиски менаџмент на човечки ресурси	2
4.	**Член на факултетска комисија** (14*0,5 = 7) - Учество во промотивни активности на факултетот 2014,2015, 2016, 2017, 2018 (5 x 0,5) - Член на Комисија за внесување на податоци за студенти на прв циклус студии 2014, 2015, 2016, 2017 (4 x 0,5) - Член на Комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2017/2018 година на Економскиот факултет – Скопје. (1 x 0,5) - Заменик член на комисија за дисциплинска одговорност на студентите на Економкси факултет – Скопје (1 x 0,5) - Член на Комисија за спроведување анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставно-образовниот процес на Факултетот; (2 x 0,5) - Член на Комисија за утврдување на можноста и условите за стекнување на определена меѓународна акредитација на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје; (1 x 0,5); - Спроведување на дежурства на колоквиуми и испити по разни предмети согласно решение (5 x 0,5); - Комисии за валоризација на кредити за докторски семинар (2 X 0,5 = 1)	10,5

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
5.	**Секретар на Советот на втор циклус на студии (2017-)** - 1 поен	1
6.	**Предавање на институции од јавен интерес** (0,5 x 1 = 0,5) - Предавање на тема „Професионална ориентација“ за ученици од ОУ Коле Неделковски - Скопје	0,5
	Вкупно	**20**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	123,36
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	61,5
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	20
Вкупно	204,86

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Михаил Петковски, претседател

2. Проф. д-р Горан Петревски, член

3. Проф. д-р Владимир Филиповски, член

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-1603/4 Дата 14.09 2018 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 10.9.2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Елена Наумовска, се избира за наставник во научната област: финансии, по предметите: Небанкарски финансиски институции и Банкарски менаџмент.
2. Д-р Елена Наумовска се стекнува со наставно-научно звање вонреден професор од денот на донесување на оваа одлука.
3. Д-р Елена Наумовска согласно Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), се избира за вонреден професор за период од пет години, односно во периодот од 10.9.2018 до 9.9.2023 година.
4. Платата на д-р Елена Наумовска ќе се утврди со посебно решение согласно актите на Економскиот факултет - Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

На Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: финансии, по предметите: Небанкарски финансиски институции и Банкарски менаџмент, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 7.6.2018 година, се пријави само кандидатот д-р Елена Наумовска.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтетенот на Универзитетот бр.1173 од 16.7.2018 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок нема поднесено приговор.

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 6.9.2018 година, даде позитивно мислење за предлогот наведен во објавениот рецензентски извештај.

Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 10.9.2018 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Михаил Петковски
- Проф. д-р Горан Петревски
- Проф. д-р Владимир Филиповски

и ја избра д-р Елена Наумовска за наставник во наставно – научно звање вонреден професор во научната област: финансии, по предметите: Небанкарски финансиски институции и Банкарски менаџмент.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Елена Наумовска, продекан за настава, одделение за материјално и финансиско работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие од седницата и архива.

Изработил: Д.К.

Д Е К А Н

Проф. д-р Љубомир ДРАКУЛЕВСКИ